Р.

ОСНОВНИОТ СУД ГЕВГЕЛИЈА, како надлежен, првостепен, парничен суд, во совет составен од судијата Тана Трајковска, како Претседател на советот и судиите поротници Зоран николов и Верица Апостолова - членови на советот, со записничар Јорданка Арџанлиева, постапувајќи во предметот горен број, оформен по посебното барање кон тужбата - Предлог за издавање на привремена мерка на тужителот - Балагианис Оуверсиз ПТУ ЛТД Нов Јужен Велс-Австралија, со седиште на Сјут 469, 311-315 Кеслреј Стрит, Хајмаркет НЈВ 200, против тужениот Друштво за производство, трговија и услуги Смиџуне ДООЕЛ Гевгелија, со седиште на ул.„Петар Мусев“ бр.57, по одржаната главна, јавна и усна расправа на ден 03.11.2020 година, во присуство на полномошникот на тужителот - доверителот адвокат Александар Стојанов од Гевгелија, а во отсуство на тужениот - должникот уредно викан, на ден 04.11.2020 година, го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е

СЕ УСВОЈУВА посебното барање - Предлогот за издавање на привремена мерка на тужителот Балагианис Оуверсиз ПТУ ЛТД Нов Јужен Велс-Австралија.

Заради обезбедување на паричното побарување на тужителот Балагианис Оуверсиз ПТУ ЛТД Нов Јужен Велс-Австралија, СЕ ДОЗВОЛУВА привремена мерка СО ЗАБРАНА на тужениот Друштво за производство, трговија и услуги Смиџуне ДООЕЛ Гевгелија да го пренесува, продава или на кој било начин да располага со уделот запишан како паричен влог во износ од 1.538.500,оо евра, кој го има како сопственик во Друштво за угостителство, туризам и услуги Гитони ДООЕЛ Гевгелија, со седиште на ул.„Петар Мусев“ бр.57.

Привремената мерка е извршна и ќе трае се до правосилно завршување на постапката по тужбата ТС1 бр.10/20 на тужителот Балагианис Оуверсиз ПТУ ЛТД Нов Јужен Велс-Австралија, против тужениот Друштво за производство, трговија и услуги Смиџуне ДООЕЛ Гевгелија, по основ Исплата на удел по договор за пренос на удел, вредност на спорот 1.238.500,оо евра или со друга одлука не биде изменета или укината.

Решението за привремена мерка да се достави до Централниот регистар на РСМ, за да биде прибележана забраната за уделот во Трговскиот регистар за трговското друштво ДУТУ Гитони ДООЕЛ Гевгелија, како и до Нотарската комора на РСМ.

За трошоците на постапката по предлогот за издавање на привремена мерка, судот ќе се произнесе во одлуката по тужбата.

## О б р а з л о ж е н и е

Тужителот Балагианис Оуверсиз ПТУ ЛТД Нов Јужен Велс-Австралија, преку полномошник Александар Стојанов - адвокат од Гевгелија, до овој суд поднесе тужба со посебно барање - Предлог за издавање на привремена мерка, против тужениот Друштво за производство, трговија и услуги Смиџуне ДООЕЛ Гевгелија, по правниот основ Исплата на удел по договор за пренос на удел, вредност на спорот 1.238.500,оо евра, по кој Предлог е заведен предметот горен број.

По однос на посебното барање - Предлогот за издавање на привремена мерка, тужителот преку неговиот полномошник во тужбата, на главната расправа и во завршен збор, наведе дека паричното побарување предмет на тужбеното барање кое го има спрема тужениот, е докажано до степен на веројатност, бидејќи неспорно е дека врз основа на договор за пренос на удел од 11.11.2011 година, уделот кој тужителот го имал во ДУТУ Гитони ДООЕЛ Гевгелија, му го пренел на тужениот, за што тужениот се обврзал да му ја плати номиналната вредноста на уделот што го примил како паричен влог во висина од 1.238.500,оо евра, во рок од 5 години, кој влог од парични средства во потполност бил уплатен во трговското друштво од страна на тужителот како содружник, но тужениот не ја исполнол својата обврска по договорот, а со цел да обезбеди реализација на своето парично побарување, тужителот претендира да го намири од уделот кој е доволен и тужениот го има како сопственик во тоа друштво. Исто така постои опасност наплатата на побарувањето да биде осуетено или значително отежнато, со склучување од страна на тужениот на нов договор за пренос на уделот на друго правно или физичко лице, поради кое смета дека се исполнети законските услови од ЗОП да се издадае предложената привремена мерка со која ќе му се забрани на тужениот да располага со тој удел, дотолку повеќе што со оваа мерка тужениот нема да претрпи никаква штета, бидејќи уделот ќе остане запишан во Трговскиот регистар при ЦР на РСМ во сопственост на негово име до завршување на постапката од чиј конечен исход ќе зависи дали ќе дојде до промена на сопственикот или не.

За докази предложи увид во писмени докази. Трошоци побара.

На главната расправа за посебното барање - Предлогот за издавање на привремена мерка, согласно чл.7 од Законот за обезбедување на побарувањата в.в. со чл.128 ст.2 и чл.280 ст.2 од ЗПП во отсуство на тужениот, кој уредно викан својот изостанок не го оправда, судот ги изведе предложените и дозволени докази т.е. ги прочита и изврши увид во: Договор за пренос на удел од 11.11.2011 година број УЗП.бр.7166/11 од 11.11.2011 година, Тековна состојба од 01.10.2020 година за ДУТУ Гитони ДООЕЛ Гевгелија, Историјат на промени од 01.10.2020 година од ЦР на РСМ на 33 страни, Потврда од 19.10.2020 година и Допис Рег.бр.12.19-10/283/2-2020 од 15.10.2020 година, па согласно чл.7 од ЗОП в.в.со чл.8 од ЗПП, утврди во конкретниот случај се исполнети законските услови од чл.33 од ЗОП за дозволување на привремената мерка од чл.34 ст.1 т.3 од истиот закон, а од следните причини:

Имено, од извршениот увид во Договор за пренос на удел од 11.11.2011 година број УЗП.бр.7166/11 од 11.11.2011 година, се утврди дека тужителот истапил од ДУТУ Гитони ДОО Гевгелија, со тоа што му го продал својот удел по номинална вредност на тужениот, а кој се состои од 80,5% паричен влог во вредност од 1.238.500,оо евра, а тужениот се обврзал цената за купување на уделот да ја уплати на тужителот најдоцна во рок од 5 години од денот на склучување и заврека на овој договор, од кога тужениот се стекнал со право на впишување во ЦР на РМ на уделот стекнат со договорот со сите права и обврски согласно ЗТД.

Од извршениот увид во Тековна состојба од 01.10.2020 година за ДУТУ Гитони ДООЕЛ Гевгелија и Историјат на промени од 01.10.2020 година од ЦР на РСМ на 33 страни, се утврди дека наведеното правно лице е основано 2007 година чии основачи и сопственици биле тужениот и лицето Николас Балагианис од Сиднеј - Австралија, по што до денес во ЦР на РСМ бил извршен упис на повеќе промени, помеѓу кои и по однос на зголемување на основната главнина и сопственикот-содружник, односно тужителот со

уплатен паричен влог од 1.238.500,оо евра, кој удел со претходно споменатиот договор му го префрлил на тужениот и со тоа тужениот станал единствен основач / сопственик на правниот субјект ДУТУ Гитони ДООЕЛ Гевгелија со вкупна основна главнина која се состои од уплтен паричен влог од 1.538.000,оо евра.

Од извршениот увид во Потврда од 19.10.2020 година и Допис Рег.бр.12.19-10/283/2-2020 од 15.10.2020 година, се утврди дека тужениот не се води како сопственик на движен и недвижен имот во евиденцијата што ја водат според своите недлежности АКН - ОКН Гевгелија и МВР - Гевгелија.

Од изведените докази судот утврди дека се исполнети законските услови од чл.33 од ЗОП за дозволување на предложената привремена мерка, односно дека тужителот го стори веројатно постоењето на паричното побарување, бидејќи врз основа на договор за пренос на удел од 11.11.2011 година од тужениот побарува парични средства во износ од 1.238.500,оо евра со камата од 12.11.2016 година, од извршена продажба на удел по номинална вредност во трговско друштво кој се состои од уплатен паричен влог, со кој тужениот како сопственик може слободно да располага и на тој начин да ја осуети или значително отежне наплатата на неговото побарување, уште повеќе ако се има во предвид висината на побарувањето, дека се работи за поголем износ, фактот дека тужениот нема друг движен и недвижен имот, поради кое тужителот претендира да го наплати своето побарување од уделот на тужениот во ДУТУ Гитони ДООЕЛ Гевгелија, дека на адресата на регистрираното седиште на тужениот нема овластено - вработено лице за прием, истата е иселена од наведената адреса, а основачот и управител лицето Михаел Георгилас е од странство Лас Вегас - САД и дека со издавање на предложената привремена мерка тужениот нема да претрпи значителна штета што е веројатно, во кој случај вториот услов т.е. опасноста и не мора да се докажува.

Предвид на горенаведеното, судот утврди дека предлогот за дозволување на предложената привремена мерка е основан, бидејќи се исполнети законските услови за тоа согласно чл.33 од Законот за обезбедување на побарувањата, поради кое согласно чл.34 ст.1 т.3 од истиот закон, одлучи како во ст.1 и ст.2 од изреката на ова решение.

На предлог на полномошникот на тужителот за трошоци на постапката по предлогот за издавање на привремена мерка, судот ќе се произнесе во одлуката по тужбата.

ОСНОВЕН СУД ГЕВГЕЛИЈА, ТС1 бр.9/20 од 04.11.2020 година

Претседател на советот
Судија,
Тана Трајковска с.р.

ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната странка од оваа решение има право на жалба во рок од 3 - три дена, по приемот на истото, преку овој суд до Апелациониот суд во Скопје.

Поднесената жалба не го одлага извршувањето на решението за привремена мерка.

Доставено до:
- Полномошникот на тужителот - адвокат Александар Стојанов од Гевгелија - 1;
- Тужениот - 1, согласно чл.128 ст.2 од ЗПП
- ЦР на РСМ-Гевгелија
- Нотарска комора на РСМ